РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 20-90/14
15.12.2023 год.
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕЛС ОПШТИНА ПРОБИШТИП

---

(институција)

СЕКТОР/ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОД ОД

# 2024 до 2026

(период од наредните три години)

Пробиштип.декември.2023

(место, месец, година )

**Содржина**

I. ВОВЕД

1.1. Преглед

1.2. Организациска структура и обем на работа на внатрешната ревизија

II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

2.1. Цели и приоритети на Општината и институциите во надлежност на Општината

2.2. Очекувани промени во Општината и институциите во надлежност

2.3. Состојба на системот за финансиско управување и контрола

III. ЦЕЛИ ЗА ЕДИНИЦИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИЗИЈА

V. ОЦЕНКА НА РИЗИК

5.1. Пристап при утврдување на ризикот

5.2. Фактори на ризик

5.3. Резултати од проценката на ризик за потребите на стратешко планирање

VI. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ

6.1. Врската на приоритетни области за ревизија со спроведената анализа

6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред за ревидирање

VII. Кадровски потреби на единицата за внатрешна ревизија

VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

IX. ЗАКЛУЧОК

## *ВОВЕД*

### 1.1. Преглед

Во овој стратешки план содржани се најважните цели,приоритети и активности на внатрешната ревизија во Општината за периодот 2024-2026 година.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се непосредно и цели и приоритети на општината и институциите за кои внатрешната ревизија има надлежност,а кои се содржани во Плановите и програмите на Општината за 2024 и развојните програми за период 2024-2026 и изборната програма на Градоначалникот врз основа на која го доби мандатот за наредните четири години.

Стратешкиот план е изготвен согласно законската регулатива која ја регулира областа на внатрешната ревизија и тоа Законот за ЈВФК(Сл.Весник бр. 90/09 ,188/13 и 192/15) како и Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија" бр.136/10)

Стратешкиот план се однесува за периодот 2024 -2026 година.

### 1.2. Организациска структура и делокруг на работењето на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија претставува независна објективна активност за проверување на информациите и потврдување на нивната точност и давање на совет,создаден со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на субјектите кои се предмет на ревизија . Таа им помага на субјектите да ги исполнат своите цели,применувајки планиран,строго определен пристап на проценка и подобрување на успешноста во процесот на управување со ризикот,контрола и раководењето.

Единицата за внатрешна ревизија во Општината е систематизирано како одделение со тројца вработени и тоа со Еден раководител и двајца советници за внатрешна ревизија и е под директна ингеренција на Градоначалникот на Општината.Досега во Општината е пополнето само местото Раководител на одделение за внатрешна ревизија

Единицата за внатрешна ревизија во Општината ја обавува функцијата на внатрешна ревизија во Општината и институциите на кои Општината и е основач и тоа: Две(2) основни школи,Една(1) градинка,Едно (1) средно училиште .Еден (1) дом на култура и Едно (1) Јавно претпријатие .

## II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА

Стратешкиот план за 2024-2026 година е направен на начин да ги исполни целите и приоритетите на Општината и институцииете во надлежност како и помош на менаџерските тимови за успешно финансиско управување и дизијнирање на ефикасен контролен систем за реализација и следење на исполнување на стратешките цели на Општината.

Прегледот е заснован врз основа на информации кои се прибрани по пат на : анализа на стратешките документи, анализа на програмати за работење,анализа на финансиските планови на институциите кои подлежат на ревизија за тековната година и наредниот период ,состаноци и разговори со раководството и анализа на системите на внатрешната контрола.

2.1. Цели и приоритети на Општината и институциите кои се во надлежност на општината

2.1.1. Цели и приоритети на Општината

А) Стратегија за развој

Општината има донесено Стратегија за ЛЕР за периодот 2015-2020. Мегутоа века и е изминат рокот и бидејки нема донесено нова како цели и приоритети на Општината ке претставуваат целите и приоритети предвидени во изборната програма на Градоначалникот врз основа на која има добиено мандат во наредните четири години од граганите. Основните цели за развој и приоритети предвидени во изборната програма прикажани се во Таблицата бр.1

**Таблица 1: Утврдување на стратешки цели за развој**
**- Утврдени во Стратегијата за ЛЕР -**

| | Стратешки цели за развој(општи цели) | Приоритети - посебни цели за развој |
|---|---|---|
| Цел 1 | Општина Пробиштип да прерасне во атрактивно место за живеење | П1- Инфраструктура и рурален развој и локален економски развој |
| | | П2 – Чиста вода за пиење и чиста здрава животна средина |
| Цел 2 | добра бизнис-клима со одлични услови за одржлив социоекономски, туристички и културен развој. | П1 – Енергетска ефикасност |
| | | П2 – Образование |
| | | П3 – Транспарентност и отчетност и отворена, услужна и родово одговорна општина |

Б)Развојни програми кои се составен дел на Буџетот за 2024 година и проекциите за 2025 и 2026 година и нивните цели и приоритети се прикажани во Табелата 2.

**Табела 2: Утврдување на посебни (приоритетни) цели на работењето**
**- утврдено со програмите и плановите за работење и развој**

| | Приоритети и посебни цели на програмите | Донесени програми | План2024 | | Проекција 2025 | Проекција 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Финансирано од Опш.Буџет | Донации | | |
| Цел1 | П1- Инфраструктура и рурален развој и локален економски развој | - Капитални инвестиции за урбана опрема | 200.000 | | | |
| | | Изградба на други комунални објекти | 14 470 000 | 10 970 000 | | |
| | | Изградба на спортска инфраструктура | 6.400.000 | 3.000.000 | | |
| | | Општинска администрација капитални расходи за градежни објекти | 700.000 | | | |
| | | Изградба и реконструкција на | 27 932 000 | 54 768 000 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | општинските патишта и улици | | | | |
| | | Одржување и заштита на локалните патишта и улици, како и нивно одржување во зимски услови | 2.000.000 | | | |
| | | Изработка на сообраќајна сигнализација | 1.600.000 | | | |
| | | -Изградба и реконструкција на јавно осветлување | 9.898.800 | | | |
| | | -Одржување на улично осветлување | 650.000 | | | |
| | | Програма за урбанистичко планирање | 7.738.824 | 15.150.000 | | |
| | | Програма за ЛЕР | 2.600.000 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | П2 – Чиста вода за пиење и чиста здрава животна средина | Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување | 1 980 000 | 3 260 00 | | |
| | | Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на води | 2 020 000 | 15 300 000 | | |
| | | -Други комунални услуги | 1.100.000 | | | |
| | | Програма за управување со отпад | 510.000 | | | |
| | | Одржување на урбана опрема | 300.000 | | | |
| | | Програма за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини и расчистување на јавни површини од снег и мраз во зимски услови | 2.800.000 | | | |
| | | Програма за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини | 3.424.414 | | | |
| | | Расчистување на диви депонии | | | | |
| | | Програма за јавни работи | 1.125.141 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел2** | П1 Енергетска ефикасност | Програмата за Енергетска ефикасност | 530.000 | | | |
| | П2 – Образование | Активности на планотна унапредување на сообраќајно воспитание и образование во предучилишните и училишните | 0 | 0 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | организации | | | | |
| | П3 – Транспарентност и отчетност и отворена, услужна и родово одговорна општина | Програма за одбележување на празници, манифестации | 6.050.025 | 1.034.0000 | | |
| | | програмата за социјална, здравствена и детска заштита за 2024 година | 12.040.000 | 297.000 | | |
| | | За спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот | 3.780.000 | | | |
| | | Подршка на локални здруженија на граѓани | 850.000 | | | |
| | | Програма на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести | 2.945.000 | | | |
| | | Програма за противпожарна заштита | 1.320.000 | | | |
| | | еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите | 150.000 | | | |
| | | Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на општина Пробиштип | 400.000 | | | |

## 2.1.2. Цели и приоритети на институциите под надлежност

### 2.1.2.1. Цели и приоритети на Јавното претпријатие

Финансиските и плановите за работа за 2024 година се утврдени во програмата за работа и финансискиот план за работа на самото јавно претпријатие и се однесуваат во неговиот делокруг на работа како што е: Изградба и одржување на водовод и канализација, одржување на гробишта одржување на јавната чистота,одржување на паркови и зеленила и спроведување на програмата за уредување на градежното земјиште.Во финансиските планови се изкажани приходите и расходите на изнституциите по намени.

### 2.1.2.2. Цели и приоритети на буџетските корисниц

Плановите за работа на буџетските корисници за 2024 година се дефинирани со програмите на секој поединечен буџетски корисник кои се донесуваат на Совет на Општината и тоа :програма за работа на ООУ„Никола Карев„.Програма на ООУ„Брака Миладиновци„Програма за работа на СОУ„Наум наумовски Борче „ ,Програма за работа на ЈОУДГ„Гоце Делчев„ и Програма за работа на домот на култура„Злетовски рудар„.Финансиската поткрепа на плановите и програмите за работа

се овозможени со донесените финансови планови за работа каде се содржани сите приходи и расходи на институциите кои се неопходни за спроведување на донесените програми за работа.

## 2.2. Очекувани промени во Општината и институциите во надлежност

Во наредниот период од капитални изградби согласно Изборната програма на Градоначалникот врз основа на која ја доби довербата од Граганите согласно приоритетите во изборната програма се очекува:

1.Во делот на Инфраструктура и рурален развој и локален економски развој Приоритети во централното градско подрачје да бидат:

- Уредување на просторот помеѓу улиците „Никола Карев", „11 Октомври" и „Јоаким Крчовски" во централното градско подрачје и изградба на 70 паркинг-места
- Реконструкција на улиците „Тодор Александров" и „Никола Карев"
- Реконструкција на Градскиот плоштад во Пробиштип

2.Во делот на Здрава животна средина Општината ке биде насочена кон :

- Санација на јаловишната депонија, од најжешка еколошка точка во регионот таа ќе биде претворена во најголем производител на зелена енергија
- Изградба на пречистителни станици за отпадни води во Пробиштип и во Злетово
- Затворање на главната депонија за комунален отпад кај месноста Озрен, како резултат на отворањето на регионалната депонија кај Мечкуевци
- Изградба на алтернативни системи за наводнување на зелени површини со техничка вода во сите јавни објекти
- Нови дрвореди низ Пробиштип и Злетово
- Зајакнување на капацитетите на ЈКП „Никола Карев"
- Проект „Зелена ЕКО патрола" - организација на редарска екослужба низ Општина Пробиштип - 24/7

3.Во делот на енергетската ефикасност Општината ке биде насочена кон:

- Субвенционирана реконструкција на колективните згради за домување во Општина Пробиштип со енергетски ефикасни фасади
- Субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертор клими
- Субвенционирање на граѓаните за набавка на печки на пелети
- Субвенционирање на граѓаните за набавка на велосипеди
- Субвенционирање на граѓаните за изградба на енергетски ефикасни фасади
- Целосна замена на јавните светилки со економични ЛЕД-светилки

4.Во делот на Образованието ,Општината ке се насочи кон тоа да учениците се здобијат со трајни и употребливи знаења, со креативни и практични вештини, овозможувајќи им своите интереси и способности да ги применат во сите обласи од животот, следење и унапредување на воспитно-образовната дејност, од аспект на унапредување на наставата и сите фактори на нејзиното успешно изведување -предавање, оценување, комуникација, мотивација и советување.

Во ООУ „Никола Карев", ООУ „Браќа Миладиновци" и СОУ „Наум Наумовски - Борче" се реализираат проекти за остварување на главната цел: осовременување, квалитетна настава и училишта што промовираат вредност и создаваат кадри што ќе бидат носители на идниот развој на Општина Пробиштип.

5.Во делот на Транспарентност и отчетност и отворена и услужна општина ,Општината ке биде насочена кон:
-Транспарентност
Унапредување на транспарентноста со цел 100 % остварување на обврските поврзани со активната транспарентност. Активната транспарентност помага за одговорно трошење на јавните пари, се промовираат принципите на добро владеење и интегритет, институцијата ќе биде поефикасна бидејќи подобро ќе управува со информациите со кои располага, а транспарентноста е основно средство за борба против корупцијата.
-Отворена, услужна и родово одговорна општина
Воведуваме стандарди за квалитет ИСО 9001-2015 во работењето на Општина Пробиштип.
Продолжуваме по патот Општина Пробиштип да биде општина подеднакво отворена и услужна за сите за да може секој граѓанин да добие навремени и квалитетни услуги.
Ја поттикнуваме работата и го слушаме гласот на месните заедници.
Продолжуваме со вклучување и анимирање на граѓаните во креирањето на буџетот и во донесувањето одлуки.
Обезбедуваме поддршка и помош за најзагрозените семејства и за лицата со посебни потреби.
Ги поддржуваме и ги поттикнуваме сите демократски механизми, како што се петиции, претставки, граѓански иницијативи, собири на граѓани и референдуми.
Ја подобруваме ефикасноста на општинската администрација.
Имаме визија Општина Пробиштип да биде родово сензибилна општина што ќе го слуша гласот и на мажите и на жените и ќе работи на решавање на нивните приоритети, но и ќе го воведе родовиот концепт во креирањето на локалните политики и буџетот.
Најголемите капитални проекти кон кои Општината ке биде насочена да ги реализира се:
1.Санација на јаловишната депонија и изградба на фотонапонска електрана
2.Уредување на просторот помеѓу улиците „Никола Карев“, „11 Октомври“ и „Јоаким Крчовски“ со паркинг-простор за 70 возила
3.Пробиштип - Леговец - Ратавица (реконструкција, канделабри со енергетски ефикасни светилки и изградба на велосипедска и на пешачка патека)
4.Изградба на спортско-рекреативен комплекс со уредување на просторот со урбана опрема во населбата Калниште, м.в. Камењар
5.Проширување и реконструкција на локалитетот Пешка во Злетово 2022

Понатаму Општината планира за секоја специфична група на граганите во Општината одредени активности за подобрување на квалитетот на животот како што се :

**За младите**- Младите го заслужуваат нашето внимание. Тие се нашата иднина, носители на креативни импулси, креатори на нови иновативни проекти. Заложбите ќе бидат во насока на мотивација и интензивна соработка со претставниците на младинските организации и воспоставување функционален Локален младински совет во Општина Пробиштип.

- Активен Локален младински совет - Креирање политики за младите, насочени кон подобрување на квалитетот и условите за живот и зајакнување на свеста на младите за активно и одговорно учество во општеството.

- Буџет за млади - Одделување годишен буџет за Локалниот младински совет, наменет за спроведување активности за младите.
- Канцеларија за млади - Точка за информирање на младите на територијата на Општина Пробиштип и за координација со другите институции за политики, сервиси и услуги од областа на младите.
- Зајакнување на волонтерството кај младите преку нивен ангажман во заедницата.
- Поддршка на манифестациите на младите со културно-уметнички и забавно-едукативни содржини.
- Изградба и уредување на скејт-парк и дополнителни содржини за млади во Општината.
- Организирање бесплатни работилници за млади на актуелни теми за младите, како што се дигитален маркетинг, претприемаштво, усовршување на вештините и подготовка на младите за пазарот на труд, во соработка со невладиниот сектор од Општината и државата.
- Субвенции за електронски уреди за учениците од основното и од средното образование што се жители на Општина Пробиштип.

**За децата и детската заштита**

Децата се нашето богатство и радост, а наша обврска е да им овозможиме услови за убаво и среќно детство и преку детска игра да го учат пријателството, да бидат одговорни и да созреваат за иднината. Поради тоа, инвестираме во поголем опфат на децата во детската градинка; инвестираме во раниот детски развој во урбаната и во руралната средина. Неопходна е нова градинка во населбата Пробиштип.

**За пензионерите**

Нашите родители, пензионерите, повозрасните граѓани што во својот работен век дале голем придонес во развојот на Општина Пробиштип, ги заслужуваат нашето внимание и нашата грижа. Тие треба да продолжат да бидат активни бидејќи од нивното искуство можеме да научиме како се работи за доброто и за иднината на нашата Општина. Поради тоа, од важно значење се: поддршката на активностите на Здружението на пензионери во Пробиштип и Злетово; мапирањето на проблемите на граѓаните што живеат во третата доба; организирањето хуманитарни акции за помош на пензионерите што имаат ниски приходи и живеат во социјален ризик; организирањето едукативни работилници и предавања за разни теми од областа на здравството, како превентивна алатка и помош на пензионери. Ветивме дом за стари лица и го реализиравме, а сега ќе ги реконструираме пензионерските домови.

**Грижа за сите граѓани и воведување нови услуги за социјална заштита**

За унапредување на социјалната заштита во Општина Пробиштип потребно е воведување социјални услуги што се индивидуализирани и приспособени на конкретните потреби на корисникот и семејството, а тоа подразбира сеопфатно мапирање на сите постојни институции во Општината, нивните надлежности и евентуалното нивно вклучување во сферата на социјалните услуги што ќе им се даваат на граѓаните на Општина Пробиштип.

Во таа насока, тргнувајќи од принципот дека сите граѓани се важни, Општина Пробиштип ќе му дава перманентна поддршка на Локалниот совет за социјална заштита; надградување на дата-базата на лица што живеат во социјален ризик и идентификација на сите ризични групи на ниво на општината; формирање социјални патроли составени од волонтери, социјален работник и

психолог што ќе ги следат состојбите во семејствата што живеат во социјален ризик и ќе интервенираат со соодветна акција за помош; редовна исплата на еднократна парична помош; соработка со хуманитарни организации, ОО на Црвен крст Пробиштип и Центарот за социјална заштита за организирање хуманитарни акции; соработка со НВО и воведување социјални услуги; воведување нови социјални мерки и активности на полето на социјалната заштита со посебен опфат на лицата со посебни потреби; изградена е социјалната зграда со 48 социјални станови за решавање на прашањето за домување на семејства од ризични категории во Пробиштип, а по локалните избори ќе биде објавен јавен оглас за нивна распределба.

**За спортистите**

Спортот е асоцијација на здрав и културен живот, а поддршката на спортот значи промоција на здравиот начин на живот и поттик за младите да го прифатат спортот како здрав начин на живот. Од тие аспекти, развојот на спортот во Пробиштип е една од битните заложби за наредниот период и значи поттикнување на младите, но и на сите возрасни групи граѓани да го практикуваат спортот и аматерски и професионално. Инвестициите во спортот на една општина одат во насока да се овозможат услови за рекреација и развој на спортски дисциплини и спортски клубови.

- Поддршка за одржување масовни спортски настани - улични трки, велосипедски трки, планинарски маршеви.
- Изградба на нови и реконструкција на постојните спортски објекти, како и нивно опремување.
- Перманентна поддршка на спортските клубови и јавно и транспарентно доделување буџетски средства.
- Воведување спортска стипендија за млади спортисти што се натпреваруваат на меѓународни натпревари.
- Реконструкција на теренот на Градскиот стадион и поставување автоматизиран систем за наводнување.
- Поставување тартан патека на Градскиот стадион.
- Поставување седишта на трибините на Градскиот стадион.
- Поставување нова ограда помеѓу трибината и фудбалското игралиште.
- Реконструкција на соблекувалните на фудбалскиот стадион.

**Соработка со НВО**

Општина Пробиштип доследно ќе ги почитува утврдените принципи и вредности во партнерство со граѓанскиот сектор што активно се вклучува во донесувањето на локалните одлуки и испораката на општинските услуги. Општина Пробиштип ќе продолжи да обезбедува конзистентност и предвидливост на буџетот за оваа намена, а истовремено ќе се залага за обезбедување дополнителни (вонбуџетски) средства за поддршка на граѓанскиот сектор во Општината. Општина Пробиштип гради партнерство и го поттикнува граѓанскиот активизам во Општината, ја унапредува соработката со организациите и придонесува во нивниот постојан развој. За таа цел ќе се донесе нов стратегиски документ за период од 2022 до 2024 година и активностите предвидени во него ќе претставуваат водечка рамка за политиката на Општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнувањето на граѓаните да се вклучат во креирањето на локалните политики. Перманентно ќе го зголемуваме и износот во буџетот на Општината наменет

за реализација на проекти и поддршка на програмите за работа на НВО и транспарентна поделба на средствата преку јавен повик.

**Култура**

Општина Пробиштип им дава институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво.

-Инвестираме и работиме на зачувување и афирмирање на материјалното и на духовното културно наследство.

-Зачувување на континуитетот на одржување традиционални историски и културно-уметнички манифестации.

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и од странство во Општина Пробиштип.

-Промоција и заживување на Научно-туристички музеј за ретки минерали во Пробиштип; соработка со Министерството за култура на полето на музејската дејност; промоција на богатството што се чува во музејот.

-Реконструкција на внатрешноста на Домот на културата - Пробиштип и целосна реконструкција на Домот на културата и на киносалата во Злетово.

## 2.3. Состојба на системот за финансиско управување и контрола

Во табелата 3 се прикажани податоци за мислењето искажано во ревизорските извештај од ДЗР, и внатрешната ревизија.

**Таблица 3: Приказ на податоците од извештаите на ДЗР,внатрешната ревизија**

| | **Институција** | **Мислење на ДЗР** | | **Внатрешна ревизија** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Година** | **Подрачја со недостатоци** | **Подрачја со недостатоци** |
| | Општина | 2013 | *немање на интерна контрола на документацијата за плакање која не е комплетна и тоа создава ризик за ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства<br>*немање на контрола на набавката и вградувањето на матаријалите за улично осветлување можност за злоупотреба на должноста<br>*немање на поделба на должностите во процесот на утврдување и наплатата на приходите за чие администратирање е задолжена општината и можност за неправилно утврдување на висината на данокот. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2022 | *пропусти во пресметката на плата на техничкиот персонал<br>*необезбедено одобрение за градба за општинските објекти<br>* немање на усогласеност на основицатаза пресметка на амортизација и ревалоризација со набавната вредност на материјалните средства искажана во сметководствена евиденција.<br>* немање на материјална евиденција преку која ќе се има увид на извршениот прием, издавање и состојба на материјалите и резервните делови.<br>*немање на следење на склучените договори за плаќање на рати да се евидентираат побарувања за надоместок за легализација на бесправно изградените објекти<br>* недоставување на Годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.<br>* планирањето на буџетските приходи и расходи за фискалната година не е Засновано на реална проценка на приходите, согласно дадените насоки во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии; | |
| | | 2016 | | -слаба ex-посте контролата<br>-Немање на стандард за управување ИСО-9001<br>-Неажурирање на базата за ризици<br>-неeобновување на стратешките документ |
| | | | | Неажурирана база на податоците за данок на имот |
| | | 2017 | | Необезбедена комуникација мегу одделението за урбанизам и оделението за финансиски прашања во делот на данокон на имот |
| | | 2018 | | Неизготвени анекси согласно член 99 точка 5 од Законот за Јавни набавки при појава на вишоци и кусоцу<br>-Непочитување на законот за финансиска дисциплинас<br>-Изведби врз основа на недоволно добри проекти што резултира со неквалитетна градба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | -Градби чиј ефект е слаб .<br>-Кадровски неекепирано ооделение за урбанизам<br>-Немање на извештај за средствата од бесравно изградените објекти<br>-Склучени договори во кои не се дефинирани добро работните активности кои треба да бидат извршени и на кој начин ке бидат потврдени за извршени и платени<br>-Нереален буџет<br>-Непревземање на мерки за правна заштита на побарувањата<br>Непревземање на мерки за зголемување на данокот на имот |
| | | 2019 | | -немање на правна заштита на побарувањата од општината<br>-ненавремена уплата од такса за јавна цистота<br>-немање на контрола на туристичката такса<br>-непочитување на законот за финансиска дисциплина<br>-немање на анекси за кусоци и вишоци<br>-изградба на објекти кои немаат економска оправданост<br>-непостоење на процедури за работа<br>-немање на кадровски капацитет |
| | | 2023 | | -немање на контрола на месечните извештаи за присуство на пожарникарите<br>-работа во две смени по 12 часа создава можност за многу прекувремени часови и неразграничување на часовите за сменска работа<br>-немање на строго дефинирани критериуми за пресметката на плата на пожарникарите |
| В | Институции во надлежност | | | |
| В.1.1. | ЈКП„Никола Карев„ | 2015 | | -Немање на доволен број на читачи на водомери<br>-фактурирање на потрошувачка на вода паушално. |
| | | 2019 | | -Немање на процедури за работа<br>-неусогласување на салдата на побарувањата и обврските<br>-каснење со транспарентноста кон граганите. |
| | | 2021 | | Немање на контрола при процес на пописот и постоење на судар на интереси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| В.1.2. | Детска градинка „Гоце Делчев„ | 2013 | | Нецелосна примена на одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници<br>-немање на интерна контрола на финансовите документи |
| | | 2022 | | -немање на интерни процедури<br>Непревземени мерки за наплата на побарувањата<br>-нецелосен попис<br>-неархивирани постапки од јавна набавка |
| В.1.3. | ООУ„Никола Карев„ | 2016 | | -нецелосен попис<br>-немање на контрола на финансовите документи<br>-авансни плакања без основа<br>-непочитување за Законот за јавни набавки |
| | | 2021 | | -неархивирани постапки од јавна набавка<br>-немање на процедури како контролна внатрешна контрола |
| | | 2023 | | -Немање на пишана процедура за заштита на побарувањата<br>-Поголем процент на загуба на вода |
| В.1.4. | ООУ„Браќа Миладиновци„ | 2015 | | -Нецелосен попис<br>-Отсуство на интерна контрола<br>-непочитување на-Законот за јавни набавки |
| | | 2019 | | -недобро спроведен попис<br>-сметководствено евидентирање врз основа на некомплетни документи |
| В.1.5. | СОУ„Наум-Наумовски Борче„ | 2017 | | -Нецелосен попис<br>-Отсуство на интерна контрола |
| | | 2021 | | Немање на внатрешна контрола на сметководствените документи<br>-неархивирање на досиета од јавните набавки |
| В.1.6. | Дом на култура „Злетовски рудар„ | 2015 | | Немање на контрола на финансиските документи<br>-непочитување на Законот за Јавни набавки<br>-немање на регистар на уметнички слики |
| | | 2020 | | -недоволна отчетност и транспарентност<br>-невоспоставен систем на контрола |
| | | 2021 | | - Немање на контрола на финансиските документи<br>-недоволна отчетност и транспарентност<br>-невоспоставен систем на контрола |

### 2.3.1. Состојба на системот за финансиското управување и контрола во Општината

Државниот завод за ревизија има вршено ревизија на финансиските извештаи во Општината во **2012 година** и го има дадено следново мислење:

1. За сметката 630 –сметка на основниот буџет имаат дадено мислење дека финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно ,во сите материјални аспекти ,финансиската состојба на сметката на основниот буџет на Оппштина Пробиштип на ден 31,12,2011 и резултатот од финансиските активности за годината се во согласност со важечката регулатива.
2. За сметката 637- се има дадено мислење дека освен во точката 4,3 која се однесува на позициите во билансот на состојба каде се искажува имотната состојба финансиските извештаи прикажуваат вистинито и објективно ,во сите материјални аспекти ,финансиската состојба на сметката 637 ,а што се однесува за усогласеноста со законската регулатива освен во делот на исплакањата на социјални помошти ,воделот на плакање на превоз за вработените за што нема платено персонален данок и во делот на изготвување на извештаи за вградени материјали за уличното осветлување сето другото е согласно законската регулатива.
3. За сметката 930-сметка на дотации на приходи имаат дадено мислење дека финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно ,во сите материјални аспекти ,финансиската состојба на сметката на основниот буџет на Оппштина Пробиштип на ден 31,12,2011 и резултатот од финансиските активности за годината се во согласност со важечката регулатива.
4. За сметка на 937- расходи на дотации имаат дадено мислење дека финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно ,во сите материјални аспекти ,финансиската состојба на сметката на основниот буџет на Оппштина Пробиштип на ден 31,12,2011 и резултатот од финансиските активности за годината се во согласност со важечката регулатива.

За секоја сметка се има дадено посебен ревизорски извештај во кои за сите наоди беа дадени препораки.

ДЗР има спроведено проверка на дадените препораки во 2014 година

ДЗР има вршено ревизија на сметките на Општна Пробиштип и **во 2022 година** за финансиските извештаи кои се однесуваат на работењето на 2020 година и го имаат дадено следново мислење по сметки:

1.За сметката 630 –сметка на основниот буџет

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. ( која се однесуваат на слабости при планирањето и реализирањето на буџетот на општината)финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точка 4.1. (не изготвување и доставување Годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот)активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Пробиштип,

сметка на основен буџет (630), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.За сметка 637-сметка на органот

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Пробиштип на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Пробиштип за 2020 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

3.За сметка 930 на приходи на буџет на дотации

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Пробиштип на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

4.За сметка 937 на приходи на буџет на дотации

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Пробиштип на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Внатрешната ревизија има правено ревизија на успешност на ефективноста и ефикасноста на системот на внатрешно уоравување и контрола во 2016 година каде ги има разгледано сите пет компоненти на финансиско управување и тоа:Контролна средина; управување со ризиците; Контроли; Информации и комуникации и Мониртоpинг.

За **првата** компонента Контролна средина , внатрешниот ревизор констатира дека се превземени одредени активности за обезбедување на контролно опкружување за воспоставување на систем на финансиско управување и контрола и остварување на посебните и општи цели на субјектот ,мегутоа тоа не е доволно потребно е да се превземат и дополнителни активности кои би ги намалило ризиците и би обезбедиле воспоставување на подобро контролно опкружување за поефикасен и поефективен систем на финансиско управување.

Во однос на **втората** компонента Управување со ризици ,Ревизорот смета дека треба да се превземат дополнителни активности во насока на целосно имплементирање на Стратегијата на управување со ризици и активности за ефикасно и ефективно воспоставување на ФУК согласно Правилникот за фоспоставување на ФУК

За **третата** комонента Контрола , Ревизорот укажува на потребата да Општината превземе одредени дополнителни активности за воспоставување на Финансиската контрола ,постојано следење на промените во работењето и законската регулатива и усогласување на процедурите кои го регулираат финансиското управување и контрола .

За **четвртата** компонента Информации и комуникации,Ревизорот констатира дека во Општината има воспоставен начин на информирање и комуницирање кој овозможува остварување на целите на општината.

Во однос на **петата** комопнента мониторинг, Ревизорот констатира дека се има воспоставено одреден систем на финансиска контрола при плакањето ,но постојат одредени подрачја кои се ризични каде дополнително треба да се превземат активности за подобрување на ефективноста и ефикасноста на внатрешната финансиска контрола.

Врз основа на претходно изнесеното Внатрешниот ревизор го денесе следноиот заклучок: Менаџерскиот тим за управување и раководење на Општината имаат обврска за превземање на мерки,политики и конкретни активности за пропишување на подзаконски и интерни акти , донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање,извршување,мониторинг и известување) и внатрешна ревизија кои претставуваат предуслов за воспоставување на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

Со извршената ревизија на финансиското управување и контрола Внатрешниот ревизор констатира дека: донесени се повеке стратешки документи,има ппишани процедури за повеке процеси ,донесени се годишни програми,има решение за децентрализација на буџетот,донесени се овластувања за превземање на обврски.изготвени правилници за организација и систематизација

на работните места ,има изготвено Стратегија за управување со ризици,етички кодекс за службениците,има внатрешен ревизор ,воспоставен систем за размена на информации и комуникација од што се гледа дека Општина Пробиштип има превземано доста активности за воспоставување на систем на внатрешна контрола кој ке може да обезбеди ефикасен и ефективен систем на финансиско управување и контрола.

И покрај сите превземани активности Ревизорот констатира дека сепак треба да се превземат и дополнителни активност во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот на ФУК како шо се:

Воспоставување на систем за управување со контрола на квалитет усогласен со стандард ИСО 9001:2008, Постојано следење на промените и согласно тоа надградување на веке донесените процедури и нивна достапност до вработените,ставање во функција на работното тело формирано за ФУК ,воспоставување на информациски систем преку донесување на политики и процедури за користење на ИТ системот и воведување на софтверски решенија во делот на следење на реализацијата на договорите,материјалното работење,воведување на ех-посте контролата во делот на плакањата и во сметководството и во делот на пописот на обврските и побарувањата.

Во насако на подобрувањето на констатираните состојби Ревизорот даде препораки чие спроведување би ја зголемиле ефикасноста и ефективноста во работењето на Општина Пробиштип.

## III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Главна цел на единицата за Внатрешна ревизија е на раководителот на субјектот да му обезбеди независно ,објективно оценување со цел подобрување на работењето на субјектот и на ефективноста на системите за внатрешна контрола и истовремено да му обезбеди дополнително уверување на раководителот на субјектот и раководството дека имплементираните системи за менаџмент и контрола се соодветни, економични и конзистентни со општо прифатените стандарди и националното законодавство. Внатрешната ревизија му обезбедува на раководителот на субјектот од јавниот сектор анализи,препораки,совети и информации за прегледаните активности.

Покрај основната цел Одделението за Внатрешна ревизија има и поединечни цели кои се битни за остварувањето на главната цел како што се:

1.Подобрување на работењето на ревидираните субјекти и зајакнување на системот на контрола.

2.Зајакнување на капацитетот на Одделението за Внатрешна ревизија

3.Зајакнување на контролата за спроведување на препораките по дадени наоди од извршени ревизии .

## IV.ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ

При утврдувањето на потенцијалните области за ревидирање Внатрешниот ревизор тргна од сопственото искуство кои области намногу се ризични кои ги има утврдено во ревизорскиот универзум и врз основа на пондерирање е утврдено ризичност на областите . Пристапот кој

внатрешната ревизија го користеше за утврдување на потенцијалните области на ревидирање е комбинираниот пристап:

- утврдени заеднички хоризонтални процеси кои се спроведуваат во сите организациони единици во сите институции од надлежност, а вклучувајќи ги процесите од буџетскиот циклус
- утврдени се програми и капитални проекти кои се планира да се реализираат во текот на периодот опфатен со стратешкиот план
- утврдени се основните функции во надлежност на Општина Пробиштип во рамки на кои се групирани институциите од надлежност

Потенцијалните области за ревидирање утврдени од Одделението за внатрешна ревизија на Општина Пробиштип се следниве :

1. Систем на финансиско управување и контрола во работењето на Општина Пробиштип и сите институции под надлежност на Општина Пробиштип;
2. Процес на управување со ризици
3. Процес на донесување на буџетот;
4. Процес на изготвување на извештаи;
5. Процес на ажурирање на данок на имот;
6. Процес на контрола на финансиските документи;
7. Процес на сметководствено евидентирање;
8. Процес на плаќање;
9. Процес на следење на реализацијата на договорите;
10. Процес на пресметка на плата;
11. Процес на благајничко работење;
12. Процес на собирање, наплата на приходи;
13. Процес на изготвување на апликации и проекти за аплицирање на средства од донации;
14. Процес на спроведување на постапки за јавни набавки;
15. Процес на подготвување на седниците на совет;
16. Процес на одржување на општинскиот софтвер;
17. Процес на архивско работење;
18. Процес на одржување на зградите и инсталацијата;
19. Процес на одржување на возниот парк;
20. Легализација на бесправно изградени објекти;
21. Издавање на одобрение за градба;
22. Пресметка на комунален надоместок;
23. Продажба на градежно земјиште;
24. Следење на реализација на договори во делот на комуналии, улици и патшта;
25. Одржување на уличното осветлување;
26. Процес на промоција на Општината;
27. Процес на вработување и
28. Процес на материјално-финансиско работење во општинските градинки, основни, средни училишта и јавни претпријатија

## V.ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ

### 5.1 Пристап при утврдување на ризикот

При утврдување на ризиците на ниво на потенцијалните области на ревидирање се користени следниве извори на инфорамции:

-Разговори со раководството и прибирање на информации за потешкотиите и проблемите на работењето;

-Анализа на стратешките и оперативните планови на Општина Пробиштип и институциите единки буџетски корисници

-Анализа на извештаите на надворешната ревизија и извештаите од други инспекциски служби и

-Функционална анализа на активности, програми, проекти и слично.

### 5.2.Фактори на ризик

Факторите на ризик уклучуваат случувања,околности, кои се случуваат во работењетоа кои можат да го активираат можностите за ризик,односно да се зголеми веројатноста за случувања на ризиците и дека ефектите од нивните случувања се големи .За потребите на проценка на ризик треба да се проценат веројатноста за појавување на ризикот и неговото влијание и за таа цел ке се разгледуваат следниве ризици:

- Финансиски ризик (несоодветна контрола при наплатата на приходите,нмалување на трошоците,недоволна анализа на проектите и програмите,надминување на трошоците)
- Репутациски ризик(недоволна анализа на програмите ,губење на авторитет и углед кај граганите)
- Оперативен ризик(недостаток на интерни процедури,акти за извршување на работата во институцијата)
- Можност за користење на средствата од мегународните фондови( немање на капацитет,)
- Ризици со управување на имотот
- Законската регулатива (честа промена на законската регулатива,сложена регулатива,неусогласени интерни акти со законската регулатива)

Внатрешната ревизија при оваа мора да води сметка дека овие ризици и други видови многу често одат во поврзаност па затоа потребно е постојано да ги следи и поврзува со цел отстранување или намалување на факторите на ризик.

### 5.3. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

| | ОБЛАСТ | РИЗИК | НИВО НА РИЗИЧНОСТ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ревизија на процесот на управување со ризици | -немање на стратешки документи со јасно дефинирани цели<br>-немање стратегија со управување на ризици<br>-немање на систем на контрола за откривање на ризици при работењето<br>-невоспоставен систем на следење и известување<br>-недонесен Етички кодекс за политика на интегритет и антикорупциска политика<br>-злоупотреба на службената должност | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 2 | Ревизија на работењето во ООУ„Браќа Миладиновци„ за 2023 година | -Неправилна пресметка на плата<br>-Неправилно изготвени извештаи<br>-плакање без документи<br>-ненавремено евидентирање на обврски<br>-некомплетна документација | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -неодобрени фактури<br>-ненавремени извештаи<br>-нецелосен и ненавремен попис<br>-непочитување на законот за финансиска дисциплина<br>-влијание на раководството | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 3 | Ревизија на работењето на сметката на Органот за 2023 година | -плакање без документи<br>-ненавремено евидентирање на обврски<br>-некомплетна документација<br>-неодобрени фактури<br>-ненавремени извештаи<br>-нецелосен и ненавремен попис<br>-непочитување на законот за финансиска дисциплина<br>-влијание на раководството | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 4 | Ревизија на работењето на ООУ„Никола Карев„ за 2023 година | -Неправилна пресметка на плата<br>-Неправилно изготвени извештаи<br>-плакање без документи<br>-ненавремено евидентирање на обврски<br>-некомплетна документација<br>-неодобрени фактури<br>-ненавремени извештаи<br>-нецелосен и ненавремен попис<br>-непочитување на законот за финансиска дисциплина<br>-влијание на раководството | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 5 | Процес на работењето на буџетската сметка | -ненавремено евидентирање на промените<br>-недоставување на договори кои предизвикуваат побарувања кои треба да бидат приход на оваа сметка со што не се реално искажани побарувањата.<br>-ненавремено доставување на финансови планови во трезорот со што се оневозможува навременото плакање од буџетот | висок<br>висок<br>висок |
| 6 | Ревизија на работењето на Инспекциското одделение | -неизлегување на инспекциското одделение на терен и неоткривање на нелегално изградените објекти<br>-неизречување на соодветните казни согласно законската регулатива<br>-злоупотреба на службената должност(непревземање на мерки )/корупција<br>-влијание на раководството | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 7 | Ревизија на работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ за 2023 година | -Неправилна пресметка на плата<br>-Неправилно изготвени извештаи<br>-плакање без документи<br>-ненавремено евидентирање на обврски<br>-некомплетна документација<br>-неодобрени фактури<br>-ненавремени извештаи<br>-нецелосен и ненавремен попис<br>-непочитување на законот за финансиска дисциплина<br>-влијание на раководството | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 8 | Ревизија на архивското работење во Општина Пробиштип | -проток на документи без заверка во архива<br>-несоодветно чување на документи<br>-злоупотреба на службената должност | Висок<br>Висок<br>Висок |
| 9 | Ревизија на процесот на собирање на приходите во Општина Пробиштип | -ненавремено собирање на приходите<br>-нецелосно собирање<br>-непревземање на мерки а заштита на побарувањата<br>-селективност при пуштање на присилни решенија | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |
| 10 | Ревизија на Процес на работењето на Одделението за правни и општи работи | -ненавремено доставување на материјали за седница на совет<br>-ненавремено закажување на седниците на совет<br>-слаба координација со преседавачот на советот<br>-нередовно следење на законските прописи и пропусти во измените на актите на општината<br>-некомпетентност за спроведување на јавните набавки | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -пропусти во постапките на јавните набавки<br>-слаба организација на архивското работење<br>-ненавремено реагирање по судски предмети<br>-влијание на раководството врз работењето<br>-можност за злоупотреба на службенат дејност | Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок<br>Висок |

## VI. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИДИРАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2024-2026 ГОДИНА

Врз основа на извршените анализи за потребите од изработка на Стратешки план, проценетата ризичност на потенцијалните области на ревидирање и по извршената консултација со раководството, утврдена е листа на приоритети на ревидирање за периодот 2024-2026 година

### 6.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање со спроведените анализи

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | ЛИНКОВИ/ВРСКИ | | | | | | | | ЦЕЛИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Придонес на стратешките приоритети | Национална Програма за реформи | Финансиска значајност | Управување и користење на ЕУ средства | Наоди на надворешната ревизија (ДЗР, Ревизорско тело) | Ниво на ризичност | Барање на раководството | Останато | |
| 1. | Ревизија на процесот на управување со ризици | x | x | x | x | | високо | x | | Да се добие уверување дека Ревидираните субјекти имаат превземено мерки за спроведување на препораките и дека нивното спров едување ја подобрило ефикасноста и ефективноста на работењето на ревидиринати субјекти.. |
| 2. | Ревизија на работењето во ООУ,,Браќа Миладиновци,, за 2023 година | x | | x | | | високо | x | | Да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата ,дека финкционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасни,ефективно и економично |
| 3. | Ревизија на работењето на сметката на Органот за 2023 година | x | | x | | | високо | | | Да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата ,дека финкционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | ефикасни,ефективно и економично |
| 4 | Ревизија на работењето на ООУ,,Никола Карев,, за 2023 година | x | | x | x | | високо | x | | Да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата ,дека финкционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасни,ефективно и економично |
| 5 | Процес на работењето на буџетската сметка | X | | X | | | Високо | | | Да се добие уверување дека буџетот е согласно законската регулатива изготвен,дека се содржани сите програми и е реален и дека средствата се користат економично, ефикасно и ефективно |
| 6 | Ревизија на работењето на Инспекциско то одделение | x | | x | | | високо | | | Дасе добие уверување дека инспекциското одделение работи согласно законската регулатива и своите задачи ги извршува навремено и објективно без субјективизам |
| 7 | Ревизија на работењето на СОУ,,Наум Наумовски Борче,, за 2023 година | x | | | | | високо | | | Да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата ,дека финкционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасни,ефективно и економично |
| 8 | Ревизија на архивското работење во Општина Пробиштип | x | x | x | | | високо | x | | Да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива |
| 9 | Ревизија на процесот на собирање на | x | | x | x | | високо | | | Да се добие уверување дека приходите се целосно и навремено собрани и се превземани сите мерки за заштита на побарувањата |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | приходите во Општина Пробиштип | | | | | | | | | |
| 10 | Ревизија на Процес на работењето на Одделението за правни и општи работи | x | | x | | | високо | | x | ДА се добие уверување дека Одделението при своето работење ја почитува законската регулатива и дека се исклучени сите ризици од корупциско однесување со превземање на соодветни контролни мерки |

## 6.2. Листата на приоритетни области за ревидирање со распоред на ревидирање

Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за период 2024-2026 година

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ревизија на процесот на управување со ризици | X | | |
| 2. | Ревизија на работењето во ООУ„Браќа Миладиновци„ за 2023 година | X | | |
| 3. | Ревизија на работењето на сметката на Органот за 2023 година | X | | |
| 4 | Ревизија на работењето на ООУ„Никола Карев„ за 2023 година | X | | |
| 5. | Процес на работењето на буџетската сметка | | X | |
| 6. | Ревизија на работењето на Инспекциското одделение | | X | |
| 7. | Ревизија на работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ за 2023 година | | X | |
| 8. | Ревизија на архивското работење во Општина Пробиштип | | | X |
| 9. | Ревизија на процесот на собирање на приходите во Општина Пробиштип | | | X |
| 10 | Ревизија на Процес на работењето на Одделението за правни и општи работи | | | X |
| | **ВКУПНО РЕВИЗИИ** | 4 | 3 | 3 |

## VII. КАДРОВКСИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има доволно ресурси за исполнување на целите на овој Стратешки план.

Обемот на стратешкиот план е прилагоден на кадровските капацитети на Одделението за внатрешна ревизија, единствено вработено лице во Одделението за внатрешна ревизија е Советник овластен Внатрешен ревизор .

## VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКИТЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

Стратешкиот план се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени до кои се доаѓа во целите, приоритетите и активностите на Општина Пробиштип и резултатите на спроведените проценки на ризикот.

По завршувањето на третата година за периодот опфатен со овој Стратешки план, внатрешна ревизија ќе ја повтори сеопфатната проценка на ризикот.

Одговорното лице на институцијата ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план.

Стратешкиот план е почетна основа за изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Планираните активности во рамки на Стратешкиот план за внатрешна ревизија за период од 2024-2026 година ќе овозможат насочување на Одделението за внатрешна ревизија кон оствтарување на детерминираните цели.Имено, доволна потврда за тоа е фактот што иститe се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола.За да се остварат целите поставени со овој стратешки план треба да се води сметка за постојано континуирано обучување на Внатрешниот ревизор од сферата на сите области кои се му во надлежност на ревизијата.

Датум:15.12.2023

Одделение за внатрешна ревизија
Раководител-овластен внатрешен ревизор
Билјана Ефтимова

Градоначалник
Драган Анастасов